РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-499/8
22.03. 2014 год.
СКОПЈЕ

Во согласност со член 103 став (1) точка а) од Законот за нотаријатот („Сл. весник РМ" бр.55/07, 86/08,139/09 и 135/11) и член 23 став (1) точка г) и член 57 од Статутот на Нотарската комора на Република Македонија, Собранието на Нотарската Комора на Република Македонија на седницата одржана на 22.03.2014 год. година, го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К

## за дополнување на Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Македонија од 29.09.2007 год. и 27.03.2010 год.

### Член 1

Во членот 38 **се додаваат** два нови става (4) и (5) кои гласат:

(4)„Извршувањето на паричната казна врз основа на писмено барање на нотарот, може да се определи во најмногу шест еднакви месечни рати, што зависи од висината на изречената парична казна".

(5)„По барање од став (4) на овој член одлучува Претседателот на Комората со решение кое се доставува до нотарот".

Ставовите (4), (5) и (6) стануваат ставови (6), (7) и (8).

### ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 2

Постапките за извршување на паричната казна кои се во тек, ќе се завршат според одредбите од овој Правилник.

### Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото истакнување во службените простории на Нотарската комора на Република Македонија.

**НОТАРСКА КОМОРА НА РМ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА**